Бр./Nr 12-918/1
25-02-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на 46-а седница, на продолжението на седницата одржано на ден 19 Февруари 2021 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12-2025/1 од 26.03.2019 година доставена од познати подносители – десет физички лица од ------------------ СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2025 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2025/1 од 26.03.2019 година.

Предметот со број 12-2025 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителите на пријавата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1025 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 025/1 од 26.03.2019 година, доставена од познати подносители – вработени во општина ------------------, кои како достапни адресни податоци за контакт ја доставиле адресата на една политичка партија.

Со наводите од пријавата се укажува на сомневања за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на Градоначалникот на општина ----------------- на начин што, со наредби, издадени во месец ------------------ година, спрема десет вработени во администрацијата на општина ------------- наредил упатување-префрлување на вработените за вршење на работите на работните места на кои се распоредени – во канцеларија надвор од седиштето на општината, односно во канцеларии на ----------------- со што им е причинета дискриминација и психичко вознемирување.

Со пријавата, воедно се посочува дека на овие вработени од страна на општината и Градоначалникот не им се обезбедува работа спротивно на член 40 од Законот за работни односи, ниту им се обезбедуваат услови и потребни средства и работен материјал за извршување на работите на нивните работни места.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата поаѓајќи од наводите на подносителите, заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за достава на податоци и информации – со прилог документација, до Градоначалникот на општина -----------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Последователно, по повод доставените барања, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен писмен одговор со прилог документација од Градоначалникот на општина ------------------ со кој посочениот градоначалник ги побива предметните наводи, како по однос на бројот на вработени, така и со образложение на причините за распоредувањето на вработените во други работни простории.

Имено, како појаснување Градоначалникот го наведува недостигот на слободни простории-канцеларии во седиштето на општината, а што според доставеното негово произнесување било единствена причина за истите да бидат распоредени работните задачи според договорот за вработување да ги извршуваат од друго место – од простории лоцирани во ---------------------------------.

Од сите расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека наводите на предметната пријава не се потврдуваат, па оттаму, врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај и по целосно проучување на сите списи - Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција – несовесно работење во службата и/или злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службените лица во конкретниот случај, а кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Подносителите на пријавата доколку сметаат дека во конкретниот случај се работи за дискриминација и психичко вознемирување, заштитата на своите права во врска со работниот однос, или по други основи, можат да ја остварат согласно други материјални закони и пред друг надлежен орган во Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 19 Февруари 2021 година под бр. 12-918/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : С.П.Д., Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносител-и